Проектот е поддржан од:
НАТО Сектор за јавна дипломатија
Амбасада на Кралството Норвешка во Македонија

# Резолуција 1325 на Советот за безбедност на Обединетите Нации
# Одржливост на целите – Македонија, Балкан, ОН и НАТО



**Евро-Атлантски Совет на Македонија**

www.atamacedonia.org.mk

**Евро-Атлантски Совет на Македонија**

*Проектот е поддржан од:*
**НАТО Сектор за јавна дипломатија**

**Амбасада на Кралството Норвешка во Македонија**

***Тим на проектот:***
**Лазар Еленовски,** Претседател на Евро-Атлантски Совет на Македонија, Потпретседател на Светската Атлантска Асоцијација

**Билјана Радева,** Поранешен генерален секретар на Евро-Атлантскиот Совет на Македонија, до септември 2011)

**Лидија Левковска,** Истражувач

Превод: **Стефанија Маџоска**

Февруари 2012

**Содржина:**


1. Предговор на д-р Стефани Бабст, Заменик помошник генерален секретар за јавна дипломатија на НАТО 4

2. Предговор на Лазар Еленовски, Претседател на Евро-Атлантски Совет на Македонија и потпретседател на Светската Атлантска Асоцијација 5

3. Вовед 6

4. Имплементација на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН во рамки на ОН 6

5. Имплементација на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН во рамки на НАТО 8

6. Имплементација на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН на Балканот – Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија 11

7. Имплементација на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН во Македонија 13

8. Препораки за понатамошна имплементација на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН 15

## *Д-р Стефани Бабст,*
## *Заменик помошник генерален секретар за јавна дипломатија на НАТО*



*Стефани Бабст*

Поминаа речиси 12 години откако Советот за безбедност на ОН ја усвои резолуцијата за жените, мирот и стабилноста. Резолуцијата 1325 на СБ на ОН е првата резолуција која се однесува на влијанието на конфликтите врз жените, како и придонесот кој жените може да го дадат во зајакнувањето на мирот. Таа покажува дека главните предизвици во ова време за безбедноста, економијата и управувањето не може да се решат без заштита и учество на жените на сите нивоа во нашето општество. Како таква, Резолуцијата 1325 на СБ на ОН е клучна резолуција која треба да ја исполниме.

Реалноста го бара ова од нас. Денес, милиони жени се уште немаат пристап до квалитетно здравство, образование и економски можности. Тие го плаќаат данокот на конфликтните региони во светот. Кога се меѓу завојуваните страни, жените ги губат семејствата, домовите и можностите за подобра иднина. Дополнително, секоја година илјадници жени и девојчиња се жртви на полово насилство, силување - намерна стратегија на модерното војување – чин кој често останува неказнет.

Но, жените постојано изостануваат од сите политички нивоа. Тие се половина од светското население, а сепак имаат помалку од 1/5 од позициите во владите на државите. Премногу често, тие не се дел од преговарачките маси каде се решаваат конфликтите, иако нивните искуства и дела се клучни да се изгради и одржи мирот. Резолуцијата 1325 помогна да се сменат работите на подобро.

НАТО ги поздравува напорите на оние кои упорно работеа во текот на изминатите години за да ја применат Резолуцијата 1325 во практика. Во духот на сеопфатниот пристап кој Алијансата го практикува, ние работиме со останатите меѓународни организации како што се ОН, ЕУ и ОБСЕ и многу невладини организации. Во изминатите години имавме добар напредок во идентификувањето на сите позиции каде НАТО може да придонесе кон вредноста, според својата рамка и способности и како ние можеме значително да помогнеме во меѓусебните напори за справување со кризите и градењето на мирот. Резолуцијата 1325 стана составен елемент од сеопфатниот пристап на НАТО кон безбедноста и тоа е вистинскиот избор.

Придонесите на сојузниците и на земјите партнери се особено важни за Резолуцијата 1325 да стане успешна. Во текот на изминатите години многу земји-членки и земји-партнери на НАТО создадоа Национални акциони планови и заедно се договорија за  создавање на НАТО/Евро-Атлантски партнерски совет и политика за имплементирање на Резолуцијата 1325. Политиката, ажурирана во јуни 2011, нуди сеопфатна рамка за имплементација на Резолуцијата, но и на други поврзани резолуции, од страна на НАТО и партнерите. Оваа политика ги зема предвид четирите столба на Резолуцијата 1325 – **превенција, заштита, учество** и **олеснување и закрепнување**, а се потпира на внатрешните и надворешните ресурси на НАТО за имплементација.

Резолуцијата 1325 не е само прашање на морал и човекови права. Се работи за безбедност и развој. Јас сум цврсто убедена дека инвестирањето во девојчињата и жените е инвестиција во нашата сопствена безбедност, напредок и иднина. Глобалното еманципирање на жените и девојчињата нема да се случи преку ноќ. Тоа бара упорност и одржлива мултилатерална посветеност за да се постигне промена на глобално ниво.
НАТО и партнерите веќе дадоа многу значајни придонеси и тие остануваат посветени и понатаму.

***Лазар Еленовски,***
***Претседател на Евро-Атлантски Совет на Македонија***
***Потпретседател на Светската Атлантска Асоцијација***



***Лазар Еленовски***

Кога Резолуцијата на СБ на ОН 1325 беше изгласана во 2000 година, никој не претпоставуваше дека бројот 1325 по една деценија ќе стане толку препознатлив во светот.

Кога денес зборуваме за 1325 со невидлива леснотија дискутираме за општочовечките работи кои најисконски ја засегаат нашата цивилизација. Денес 1325 е повик на слободата, еманципацијата, рамноправноста и правдата. Резолуцијата од една страна е признание за една милениумска неправда, но од друга страна таа е јасен сигнал за промени и самата симболично прифатена на самиот премин во новиот милениум. Милениум кој треба јасно да означи крај на многу прашања од претходните милениуми доколку човештвото сака навистина да продолжи по вистинскиот пат. А тоа е единствено патот на слободата и напредокот. Тие пак во иднина ќе бидат уште помалку можни без рамноправноста и правдата.

Цврсто сум убеден дека доколку светот низ својата бурна историја имаше порамномерна застапеност на двата пола на клучните места и во клучните процеси, човечката деструкција ќе беше многу помала. Како за минатото, тоа ќе биде уште поневозможно – во иднината. Во ерата на технолошката револуција и глобализацијата, разликите се се помали, а зависностите се поголеми.

Оттаму граѓаните на светот, мажите и жените, уште пообединето ќе ја градат нашата цивилизација и успехот ќе зависи од тоа колку ќе сфатат дека колку се поусогласени, толку и успехот ќе биде поголем и побрз.

Рамномерно вклучување на жените во безбедносните предизвици на светот е неминовно доколку сакаме побрзо реализирање на општочовечките идеали за слобода и мир. И доколку сакаме исполнување на Општата декларација за човекот на ОН. Едноставно, целта за светскиот мир води преку тој пат. За тоа има бројни докази од високото ниво на демократија во државите водени од жените, до состојбата со десетиците диктатории ширум светот, каде нема ниту една жена на нивно чело.

Нашиот балкански регион, кој е и европски, последните децении живее на една раскрсница помеѓу традиционалните зони и вредности и интеграцијата во евро-атлантските структури и споделувањето на заедничките вредности со слободниот свет. За да излезе out-of-area нему му треба охрабрување, кое неминовно ќе следи со консензуалното прифаќање и спроведување на духот и вредностите од Резолуцијата 1325 на СБ на ОН.

Како атлантисти кои веруваат во тие вредности, Евро-Атлантскиот Совет на Македонија се реши да го спроведе овој проект и да остави печат во средината во која работи.

## Вовед

Првата резолуција за жените, мирот и безбедноста – Резолуцијата 1325 на Советот за безбедност на Обединетите Нации едногласно беше усвоена од страна на Советот за безбедност на Обединетите нации на 31-ви октомври 2000 година.

Резолуцијата 1325 на СБ на ОН има за цел да го зголеми учеството и застапеноста на жените на сите нивоа на одлучување, да обезбеди заштита на специфичните потреби кои жените и девојчињата ги имаат во време на конфликти, како и ја зема предвид родовата перспектива во пост-конфликтните процеси како и во планирањето на ОН и мировните операции на ОН.

Стратешкиот концепт на НАТО од 2010 година ја вклучува родовата димензија во одбраната и безбедноста. Алијансата е цврсто посветена на родовото усогласување во сите политики и програми. Во таа насока, како организација која работи во областа на безбедноста и меѓународните односи, Евро-Атлантскиот Совет на Македонија (ЕАСМ) е посветен на резултатите и постигнувањата од имплементацијата на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН на национално, регионално ниво како и во рамки на ОН и НАТО.
Проектот ги разгледува рамките на ОН и НАТО како и резултатите и предизвиците кои постојат за имплементација на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН. Во духот на нашата регионална соработка, ЕАСМ ја разгледа и имплементацијата во регионот: Албанија како НАТО членка, Босна и Херцеговина како земја со специфично конфликтно и пост-конфликтно искуство и Бугарија како земја членка на НАТО и ЕУ. Им благодариме на атлантските асоцијации од овие земји кои дадоа придонес кон нашите напори во проектот.

Од ова истражување ЕАСМ создаде и неколку препораки кои ги нуди за понатамошната имплементација на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН  со цел да се постигнат подобри резултати. Упатуваме благодарност до сите кои на некој начин соработуваа со нас додека траеше проектот: Министерството за одбрана, Министерството за труд и социјална политика, Канцеларијата на ОН-Жени во Македонија, Атлантскиот Совет на Албанија, Атлантска Иницијатива од Босна & Херцеговина и Атлантскиот Клуб на Бугарија.

Нашата благодарност оди до НАТО Секторот за јавна дипломатија и Амбасадата на Кралството Норвешка во Македонија кои го поддржаа овој проект. Нивната поддршка кон мисијата на Евро-Атлантскиот Совет на Македонија во изминатите неколку години беше клучна во имплементацијата на евро-атлантската идеја и вредности во нашето општество.

## Имплементација на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН во рамки на ОН

Историјата на воените конфликти  има многу примери за тоа како жените и децата се повеќе се колатерална штета и цел на воената стратегија. Дополнително, неодамнешната историја покажа дека жените и децата остануваат ранливи групи кои намерно се користат за да се изврши влијание, но и како организирана воена алатка.
До 2000 година, речиси и да не беше оддадено признание на основната улога на жените во мирот и безбедноста. Често сметани за беспомошни жртви на војните и конфликтите, исклучени или со непостоечки улоги во негувањето на мирот, вратата на можности за жените се отвори со создавањето на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН.

Во 2000, Советот за безбедност на Обединетите Нации ја усвои резолуцијата 1325 со која ја призна менливата природата на војната во која цивилите сè почесто стануваа цел, а жените беа исклучувани од учество во мировните процеси. Според зборовите на амбасадорот Анварул К. Човдури усвојувањето на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН „не е крај туку почеток на процесот кој постепено ќе помогне да се намали јазот на нееднаквоста“.[1] Овој процес не само што го признава влијанието на војната врз жените, туку ја признава и клучната улога која жените ја имаат во управувањето со конфликтите, решавањето на конфликтите, но и трајниот мир.

---

[1] Амбасадорот Анварул К. Човдури во улога на претседател на Советот за безбедност на ОН во март 2000 ја поведе иницијативата за Резулоуцијата 1325 на СБ на ОН за улогата на жената во мирот и стабилноста; http://www.nato.int/docu/review/2010/Women-Security/Women-resolution-1325/EN/index.htm

Резолуцијата 1325 на СБ на ОН е првиот меѓународен политички механизам кој го признава несразмерното влијание кое вооружените конфликти го имаат врз жените и децата. Оваа резолуција ја нагласува стожерната улога која жените треба да ја имаат во управувањето со конфликти, решавањето на истите и трајниот мир.
Со едногласно усвојување на Резолуцијата 1325, Советот за безбедност на ОН го призна следново:

а) Мирот е нераскинливо поврзан со родовата еднаквост;
б) Важната улогата на жените како создавачи на промена, чии позиции и учество се клучни во спречувањето на конфликти и нивното решавање, градењето на мирот и развојот;
в) Еднаков пристап и целосно учество на жените во моќните структури и форумите каде се носат одлуки, поврзани со сите аспекти на спречување и решавање на конфликти и обновување.

## Слични резолуции

Од 2000 година наваму, усвоени се четири дополнителни резолуции на Советот за безбедност на ОН за поддршка на специфични области за имплементација. Тие се клучна рамка за подобрување на статусот на жените во општествата уништени од конфликти, како и еманципирање на жените.

**Резолуција 1820 на СБ на ОН** (усвоена во 2008) која се фокусира на заштита и одговор на сексуалното насилство во периодите на конфликтни и пост-конфликти ситуации која повикува за соодветна обука на трупите и распоредување на повеќе жени во мировните операции.

**Резолуција 1888 на СБ на ОН** (усвоена во 2009) која создава простор за назначување на Специјален претставник на ОН и родови експерти во конфликтните области за подобрување на надзорот и известување како поддршка на запирањето на сексуалното насилство во текот на вооружен конфликт.

**Резолуција 1889 на СБ на ОН** (усвоена во 2009) која ги разгледува пречките за учество на жените во мировните процеси и бара подобрување на меѓународните и национални одговори на потребите на жените во конфликтни и пост-конфликтни услови.

**Резолуција 1960 на СБ на ОН** (усвоена во 2010) која повикува преземање мерки и санкции за спречување на сексуалното насилство во услови на вооружен конфликт врз жени и девојчиња; без исклучок за сторителите кои се иземени од казнување по разни основи.

## Четири столбови на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН




Целите на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН се поставени во четири столбови: **Учество, заштита, превенција и помош и закрепнување.**

**УЧЕСТВОТО** повикува да се вклучат жени на сите нивоа на носење одлуки на национално, регионално и меѓународно ниво. Овој столб бара жените да бидат целосно вклучени во механизмите за превенција, управување и решавање на конфликтите и во мировните преговори.

**ЗАШТИТАТА** се залага за заштита на жените и девојчињата од сексуално и родово насилство. Понатаму, обезбедување на заштита која ќе ги штити правата на жените и децата во бегалските кампови и хумантираните ситуации и имплементација на сеопфатна обука за подигнување на свеста и едуцирање на оперативниот персонал за важноста на ефикасните заштитни мерки пред нивното распоредување и во војна.

**ПРЕВЕНЦИЈА** на насилството против жените која вклучува: промовирање и зацврстување на правата на жените според националното право; исклучување на сексуалното насилство како казниво дело од договорите за амнестија; спроведување на законодавството со обвинување на оние кои се одговорни за воен криминал, геноцид, дела против човештвото и други прекршувања на меѓународното право.
ПОМОШ И ЗАКРЕПНУВАЊЕ со што се бара разгледување на родовите димензии кога се решаваат меѓународни кризи и земање предвид на одредени потреби на жените и девојчињата во креирањето на бегалските кампови и населби.

**Резолуцијата** 1325 на СБ на ОН и другите, поврзани резолуции не само што го менуваат вообичаениот впечаток за жените – како беспомошни жртви во војни и вооружени конфликти, туку и ја менуваат целокупната перцепција на меѓународната заедница за мирот и безбедноста. Тие бараат од меѓународната заедница да преземе храбри дејства во име на учеството, претставување и вклучувањето на жените во сите аспекти на градење на мирот.

## Напори на ОН за имплементација на Резолуцијата 1325

Една декада откако Советот за безбедност на Обединетите нации едногласно ја изгласа Резолуцијата 1325, нејзината имплементација сè уште е предизвик.

Дванаесет години подоцна сè уште нема целосно разбирање на резолуцијата и недостиг на жени во формалните мировни преговори. Жените и понатаму се цел на сексуално насилство во конфликти и кризи и има недостиг во финансирањето на посебните потреби на жените во пост-конфликтната помош и закрепнувањето. Безбројните глобални и регионални залагања за основните принципи на 1325 откриваат јаз помеѓу аспирациите и реалноста во поглед на разбирањето, поддршката и зацврстувањето на улогата на жените во мирот и безбедноста.[2]

Во јули 2010 година, Генералното собрание на Обединетите нации ги создаде UN Women, тело на ОН за родова рамноправност и еманципација на жените. Една декада по усвојувањето на Резолуцијата 1325, како дел од агендата за реформи на ОН, ОН успеа да ги консолидира ресурсите и мандатите за поголемо влијание на нивната работа која се фокусира на родова рамноправност и еманципација на жените. Сепак, сè уште имаме недоволна свест, познавање и разбирање за 1325 во националните служби и владините министерства.
Иако Советот за безбедност во 2005 година издаде соопштение во кое земјите-членки на ОН се повикуваат да ја продолжат имплементацијата на Резолуцијата 1325 преку развој на Национални акциони планови (НАП) или други стратегии на национално ниво, сè уште имаме одложување на националните акциони планови.

Целта на Националните акциони планови е да создадат процес кој ќе им помогне на земјите во идентификувањето на приоритетите и ресурсите, во одредувањето на нивната одговорност и посветеност на дејствувањето. Сепак, дејствувањето во одредени случаи сè уште доцни поради недостиг на одредени и реални цели, приоритети, родово буџетирање и јасни задачи.

Другите организации, како НАТО и ОБСЕ ја поддржуваат имплементацијата на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН. НАТО и партнерите создадоа развија политика за имплементација на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН. Оваа политика вклучува активна и видлива политика на усогласување на родовата перспектива во сите политики и програми на НАТО. На ниво на НАТО постои концептуално и политичко пробивање, но сепак, останува уште многу работа за подигнување на свеста за политиката на родовите односи и воведувањето на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН во сите структури, операции и програми.

## Имплементација на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН во рамки на НАТО

Од Авганистан до Медитеранот, НАТО и партнерите распоредуват илјадници трупи за да ги подобрат мирот и стабилноста во регионите уништени од конфликти и во пост-конфликтните општества. Овие конфликти не само што повикуваат за воена реакција, туку бараат и интегриран пристап кој вклучува други капацитети и ресурси. Верно поддржувајќи ги целите и принципите на Повелбата на Обединетите нации, НАТО ја признава посебната улога која ја играат жените.

[2] Амбасадор Анварул К. Човдури, Претседател на Советот за безбедност (март, 2000 и јуни, 2001)

Одржувањето на перспективата дека жените претставуваат половина од светското население, НАТО и неговите партнери ги здружија силите и создадоа партнерства на меѓународно ниво за да ги поддржат основните принципи на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН и другите, слични резолуции. Алијансата применува пристап кој упатува на специфичните потреби на сите групи во конфликтните зони со цел да ја подобри ефикасноста на мисиите и операциите кои ги води НАТО и да осигура целосен успех на мисиите. Алијансата се труди да ги интегрира родовите прашања во секој аспект на својата работа за безбедноста.

Денешната комплексна безбедносна околина бара почитување и целосно прифаќање на различните позадини, достапните вештини и различните искуства и сите тие заедно создаваат паметни решенија кон обезбедувањето вечен мир. Затоа, усвојувањето на родовата перспектива во решавањето на модерните конфликти е клучно и ја прави родовата еднаквост клучен фактор во денешниот безбедносен дискурс.

НАТО, заедно со партнерствата од нациите од ПзМ ја пренесе оваа обврска во практика со усвојување на Политика за имплементирање на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН за жените, мирот и безбедноста во Евро-Атлантскиот партнерски совет (ЕАПС) во 2007 година. Оваа политика се должи на четирите столба на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН и ги задолжува земјите-членки да дојдат до практични предлози за имплементација на Резолуцијата 1325 на СБ за ОН, годишни извештаи за напредокот и преглед на резултатите од имплементацијата.

Во 2009 година, веќе преименуваниот Комитет за родови перспективи го прошири своето поле на работа за да ја вклучи интеграцијата на родовата перспектива во воените операции на НАТО. Со ново добиениот мандат NCGP стана советник на Воениот комитет (МС) за родовите политики за вооружените сили на НАТО.

Во септември 2009 година НАТО ја одобри Директивата 40-1 Bi-SC за „Интегрирање на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН и родовите перспективи во командните структури на НАТО и вклучување на мерки за заштита во текот на вооружен конфликт“, која де факто ја отвори вратата за распоредување на родови советници во војна. Следеа и значајни чекори за поддршка на Резолуцијата 1325 за вклучување на развојот на структурирана стратегија, објавување на извештаи со препораки за усогласување и преглед на политиката за имплементација на 1325 и посилна обврска за имплементација. Една декада по усвојувањето на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН, Алијансата го подигна политичкиот профил на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН.

Ревидираната политика за имплементација на 1325 се потпира на практичен пристап во шест чекори кој вклучува:

1) Родово услогласување на политиките, програмите и документацијата на НАТО за да се осигура дека промената во начинот на размислување се случува на сите полиња на експертиза и во секојдневните бизнис релации.
2) Соработка со меѓународните организации која обезбедува напорите на Алијансата да бидат интероперативни и доследни на дејствата и активностите на другите организации како што се Обединетите нации, Европската Унија, ОБСЕ и актерите од граѓанското општество.
3) Успехот на мисијата бара не само заштита на жените, туку и обезбедување на ефикасна интеграција на родовите перспективи во Операциите.
4) Образование и обука за подигнување на свеста за Резолуцијата 1325 на СБ на ОН и негување на промена во размислувањето и однесувањето на цивилниот и воен персонал.
5) Со оглед на тоа што медиумите стануваат сè помоќна сила во овој пост-модерен свет, Стратегијата за јавна димпломатија на НАТО се стреми кон претставување на пораките пред поголема публика; да ја претстави улогата на жените во општеството, културата, војската и јавниот живот; да ја подигне свеста на родовото усогласување во структурите, операциите и програмите на НАТО; еманципирањето на жените; вклучување на жените во телата за носење одлуки во време на војна и мир.
6) Националните иницијативи се стремат кон поддржување на имплементацијата на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН на национално ниво преку Национални Акциони Планови и други помошни национални стратегии.

## Напори на НАТО за имплементација на Резолуцијата 1325

НАТО го покажа напредокот со успешно подигнување на политичкиот профил на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН. Ја стави 1325 на агендата на сите сегменти од својата структура, промовираше родови перспективи и развива политики за поддршка на реторичката со практичната имплементација. Денес, НАТО има повеќе механизми за поддршка на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН: НАТО канцеларија за родови перспективи, НАТО Комитет за родови перспективи, двајца родови советници кои работат во Сојузничката команда за трансформација и координатор за родови во Сојузничката команда за операции; советници за родови во ИСАФ и КФОР и Комитетот за оперативни политики во ИСАФ и КФОР формат кој работи на акционот план на НАТО за усогласување на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН во операциите и мисиите водени од НАТО.

Алијансата има напредок и во сите шест насоки на стратегијата за имплементација на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН. Секојдневната работа на организацијата, нејзиниот персонал и комитети ја рефлектираат промената во начинот на размислување и ја подигнуваат свеста за важноста на родовото усогласување. Колинда Грабар – Китаровиќ, Помошник генерален секретар на НАТО за јавна дипломатија е првата жена назначена за Помошник генерален секретар што ја покажува посветеноста на НАТО кон родовото усогласување. Во духот на сеопфатниот пристап кон безбедноста, НАТО соработува со другите меѓународни организации за поддршка на имплементацијата на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН.

Распоредувањето на родови советници во воени услови се покажа како особено важно за мисијата ИСАФ на НАТО во Авганистан, со поставување на кариката која недостигаше кај другата половина од населението во Авганистан. Во извештаите се покажа дека жените додаваат вредност на мисијата со развивање на мрежи со женски организации, невладини организации, групи на жени активисти кои помогнаа да се подигне ситуациската свесност за командирите, но и да се подобри поддршката и довербата кај цивилното население.[3]

Во поглед на обуката и едукацијата, НАТО ги користи сопствените институции за поддршка на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН. НАТО Колеџот за одбрана, НАТО Факултетот во Оберамергау, како дополнување на самото седиште на НАТО и Комитетот за родови перспективи на НАТО, ги проширувaат своите наставни планови за инкорпорирање на родовата перспектива и проширување на поддршката на нациите и нивните програми. Дополнително на тоа, обука за свесност за родовите димензии на цивилните и воени тимови пред распоредувањето станува задолжителни за обуката пред распоредувањето во која персоналот се обучува за културните разлики.

На национално ниво имплементацијата на Резолуцијата 1325 е поддржана преку Националните акциони планови и други стратегии на национално ниво. Дваесет и две НАТО земји и земји од ПзМ имаат такви планови или стратегии (Австрија, Белгија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Канада, Хрватска, Данска, Естонија, Финска, Франција, Германија, Исланд, Италија, Норвешка, Португалија, Србија, Шпанија, Словенија, Шведска, Швајцарија, Холандија и Обединетото Кралство).

Иако напорите за имплеметација даваат резултати, сè уште има предизвици кои остануваат. Како што е прикажано во Опсежниот извештај[4] за политиките за имплементација на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН на НАТО/ЕАПС, бројот на жени вработени во воените сили во земјите-членки на НАТО варира помеѓу 3-18%.[5] Структураната и сеопфатна обука како своја цел ги има: превенцијата на воен конфликт и заштита на жените и децата; учеството на жените во операции и во носењето одлуки создава промена во начинот на размислување и однесувањето на идните генерации и водачи.

Имајќи го предвид фактот дека овие недостатоци потекнуваат од воените традиции на земјите-членки, со текот на времето, ако обуката е постојана, ќе создаде војски кои навистина ќе ги прикажат целите на 1325.
НАТО бара персоналот кој се распоредува во операциите водени од НАТО и персоналот кој работи во структурите на НАТО да добие соодветна обука пред распоредувањето која ќе биде усогласена со бараните стандарди.

---

3 http://usacac.army.mil/cac2/call/docs/10-64/ch_3.asp#sec9
4 http://www.nato.int/cps/en/natolive/official_texts_68578.htm
5 http://www.nato.int/cps/en/natolive/official_texts_68578.htm

Иако Алијансата не влијае врз мерките и политиките кои се спроведуваат на национално ниво, таа охрабрува и препорачува преземање на корективни дејства. Во случај на создавање на Национални акциони планови (НАП) и стратегии за промовирање на родовото усогласување на национално ниво, иако НАТО не може да насочува, може да охрабри и да помогне со соодветни механизми за земјите да ја исполнат таа цел.
На тој начин, покрај дваесет и двете нации кои ги направија своите НАП, другите НАТО членки и партнери ќе бидат социјализирани во развивањето и усвојувањето на стратегии и планови кои ќе ги идентификуваат приоритетите, ресурсите, ќе ги одредат одговорностите и ќе се посветат на дејствување за поструктурирана имплементација на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН.

## Имплементација на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН на Балканот



### Албанија
Албанија  е земја – членка на НАТО од 2009 година. Како земја-членка на НАТО Албанија има дополнителна обврска освен во рамки на ОН за донесување на Акционен План за имплементација на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН, имплементација, како и подготовка на годишни извештаи до НАТО.

Родовата еднаквост е гарантирана со Уставот на Република Албанија, Законот за родова еднаквост (донесен 2004, ревидиран во 2008 година), Национална Стратегија за родова еднаквост и семејно насилство, Законик за труд, Цивилен законик, Закон за рангови и кариера во вооружените сили на Република Албанија.

Албанија ја ратификуваше Резолуцијата и има развиено, но нема се уште усвоено Национален акционен план.
Надлежности за имплементација на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН во најголем дел има Министерството за одбрана, иако има интерресорска координација за имплементацијата. Земјата има механизми за регулирање на родовите прашања како и тела во чија надлежност е имплементацијата на Резолуцијата како Национален Совет за родова еднаквост, Национална стратегија за родова еднаквост и семејно насилство. Дополнително, надлежности за имплементација на Резолуцијата има Министерството за труд и социјална политика. Во министерствата се назначени државни службеници кои се надлежни за родови прашања, а во Министерството за одбрана има посебна позиција советник надлежен за родовите прашања.

Најзначителен дел каде се чувствува имплементацијата на Резолуцијата 1325 е во вооружените сили на Албанија каде постои и Комисија за женски прашања која во 2009 година во согласност со стандардите и насоките на НАТО е преименувана во Комитет за родови прашања. Во воената кариера на жените им се понудени истите можности за обука, развој, унапредување, плата како и на мажите. Жените исто така учествуваат во експедициските операции предводени од НАТО и ОН.

Во практика, области каде треба да се работи значително е застапеноста на жените во изборниот процес, полицијата, како и во застапеноста на жените во донесувањето на одлуки, со тоа што ќе се стави акцент и на начинот на вработување и обуката. Битно е да се спомене дека дека Албанија имала жени на позиции на кои се носеле одлуки: Претседател на Парламентот, како и жена на позицијата заменик министер за одбрана.
Понатамошниот успех на имплементацијата на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН зависи од зголемената застапеност на жените во процесите на донесување на одлуки, бројот на пратенички, извршната власт, како и успешна имплементација на квотата од 30 % застапеност на жените според Изборниот законик.



### Босна и Херцеговина
Босна и Херцеговина е првата земја од регионот која го има усвоено Акциониот План за имплементација на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН на 27 јули 2010 година. Акциониот план се однесува на осум области: зголемување на бројот на жени во донесувањето на одлуки, како и во вооружените сили, полицијата, мировните операции. Планот ги опфаќа и деминирањето, трговијата со луѓе, помош за жените и девојчињата кои се жртви на војна, обука за родови прашања на администрацијата и унапредување на соработката помеѓу владините, невладините и меѓународните организации. Имплементацијата на Акциониот План ја следи посебно меѓуресорско тело формирано со одлука на Советот на министри во кое има 20 претставници од различни владини институции како и еден претставник од цивилното општество.

Законот за еднакви можности во Босна и Херцеговина е донесен во 2003 година, Национален план за родови прашања е донесен во 2006 година како петгодишна стратегија, а постојат повеќе тела во рамки на државни институции, како и на ниво на собрание, кантони и општини, како и координатори во различните министерства кои го следат процесот.

Како што е наведено во Извештајот за имплементација на НАП, Босна и Херцеговина покажува напредок во имплементацијата на Резолуцијата 1325. Извештајот вклучува позитивни настани како што се: измена на Законод за родова еднаквост, редефинирани и усогласени со меѓународните стандарди и директиви кои го поставуваат прагот за еднаквата застапеност на жените од 40%.

Во вооружените сили постои позиција за родов советник и промоцијата на работните места е еднакво достапна на мажите и жените. Има воспоставени женски мрежи, а се одржуваат и промотивни настани кои го поддржуваат НАП и имплементацијата на Резолуцијата 1325.

Земјата создава модули за обука за подигање на свеста кои се интегрирани во генералната обука пред распоредувањето. Родовата димензија е интегрирана во реформите во безбедносниот сектор на сите нивоа, со посебен акцент на нивнот учество на ниво на носење одлуки за сите прашања врзани со безбедноста и одбраната.



## Бугарија

Бугарија е земја членка на НАТО и на ЕУ. Со оглед на тоа, политиките и чекорите кои земјата ги презема покажуваат посветеност на имплементацијата на Резолуцијата 1325 и дополнителните Резолуции за родовите прашања. Во 2009 година Владата на Република Бугарија ја донесе Национална стратегија за унапредување на родовата еднаквост (2009-2015). Националниот план за имплементација на Резолуцијата 1325 е донесен во 2011 година за период 2011-2014 година.

Вкупниот процент на жени во Армијата на Република Бугарија е:

| | Total % of female military | % of female flag officers | % of female senior officers | % of female junior officers | % of female NCOs | % of female soldiers and sailors |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Land Forces | 14,08% | - | 0,43% | 4,06% | 9,47% | 18,65% |
| Air Force | 16,93% | - | 0,70% | 7,40% | 11,80% | 28,55% |
| Navy | 8,93% | - | 0,50% | 10,38% | 4,96% | 13,07% |
| Others | 14,25% | - | 2,24% | 12,72% | 20,94% | 18,12% |
| **Total** | **14,11%** | **-** | **1,36%** | **7,25%** | **11,73%** | **19,75%** |

Процент на жени учеснички во мировни операции е:

| | Total % of female military | % of female flag officers | % of female senior officers | % of female junior officers | % of female NCOs | % of female soldiers and sailors |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Land Forces | 3,64 | - | 0,06 | 0,27 | 0,75 | 2,56 |
| Air Force | 6,66 | - | - | - | 6,66 | - |
| Navy | - | - | - | - | - | - |
| Others | 21,01 | - | 3,4 | 2,84 | 14,77 | - |
| **Total** | **5,53** | **-** | **0,42** | **0,55** | **2,31** | **2,25** |

Бројот на жени во Вооружените сили во Бугарија и учеснички во меѓународните операции ја сместуваат Бугарија меѓу земјите со најголема застапеност на жени во Вооружените сили.
Во моментов, Бугарија има жена на позицијата заменик министер за одбрана.

Она што добива најмногу акцент во Бугарија е создавање на добро организиран систем на обука и образование кој ќе ги подготви учесниците во мировните операции за родовите прашања во процесот на подготовка за упатување.
Исто така во Бугарија значително се користи и интересорски систем каде не само владините, туку се прави и координација и со меѓународните организации и цивилното општество.

Во рамките на вооружените сили на Бугарија постои позиција советник за родови прашања, а исто така има и Асоцијација на жените во армијата.

Асоцијацијата на жени во армијата има спроведено проект со НАТО кој дал резултати на фокусот на жените како донесувачи на одлуки, статусот во армијата, обуката, упатувањето во операции, како и развој на кариера.

## Македонија



### А. Легислатива и институционална поставеност

Родовата еднаквост во Република Македонија е гарантирана со Уставот на земјата (член 9) каде граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување; имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.

Еднаквоста помеѓу жените и мажите дополнително се имплементира во целата законска регулатива на земјата. Законот за еднакви можности е усвоен во 2006 година, а Република Македонија е потписничка на многу меѓународни акти што се однесуваат на прашањата на еднаквост и на позицијата на жената. Како земја-сукцесор на поранешната Југославија, Македонија и пристапи на Конвенцијата на ОН за елиминирање на сите форми на дискриминација против жените. Исто така Република Македонија има и Национален план за акција за родова рамноправност (2007-2012) во кој се регулираат активностите и рамките во областите во кои треба да се работи.

Во поглед на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН еднаквоста на жените и на мажите е гарантирана преку Законот за одбрана, Законот за служба во АРМ, Законот за внатрешни работи, како и дополнителните подзаконски акти кои се однесуваат на прием и развој на кариера на жените и мажите.
Националниот план за акција за родова рамноправност во Република Македонија, донесен од страна на Собранието на Република Македонија  во 2007 година (2007-2012), во поглавјето „Жените и мировните активности“, утврдена е Стратешката цел 1 - Интегрирање на родовата перспектива во мировната и безбедносна политика на земјата, преку имплементирање  на одредени адекватни заложби за Резолуцијата на ОН 1325.

Министерството за одбрана е вклучено во Оперативниот план за имплементација на Националниот план за акција за родова рамноправност.

Дополнително, правата и унапредувањето на позицијата на жените во вооружените сили се гарантира преку Стратегијата за одбрана од 2010 година, како и преку Програмата за еднакви можности на мажите и жените во Министерството за одбрана и Армијата на Република Македонија донесена во 2009 година. Во рамките на Министерството за одбрана постои и координатор за родови прашања.
За Резолуцијата 1325 постои интересорска соработка при што главните надлежности се координираат од страна на Министерството за одбрана и Министерството за труд и социјална политика, а исто така се вклучени и Министерството за внатрешни работи, за здравство, за образование, Воената и полициската академија и други институции според потребите.

Министерството за одбрана доставува редовни извештаи до НАТО за состојбата со имплементацијата на Резолуцијата 1325.
Во Армијата на Република Македонија не постојат формални пречки и ограничувања на жените за извршување на работните должности, а и нормативно имаат еднакви можности за напредок и развој во кариера, како и еднакво право на учество во меѓународни операции

### Б. Состојбата во практика

Во Република Македонија постојат жени пратенички во Парламентот на Република Македонија со гарантирана квота од 30% застапеност на жените на кандидатските листи, а исто така и во минатото и во сегашноста постојат жени на високи владини позиции како потпретседател на Парламент, потпретседател на Влада на РМ и министер. Македонија бележи примери на жена Министер за внатрешни работи, додека во одбраната највисока позиција која ја имала жена била државен секретар.

Припаднички на Армијата на Република Македонија учествуваат во операциите во кои АРМ распоредува припадници со еднакви услови и одговорности како и мажите.
Во однос на застапеноста на жените во Министерството за одбрана на РМ и Армијата на Република Македонија е следнава:
Од вработените лица во Министерството за одбрана, 62 % се мажи, а 38 % се жени. Според степенот на образование, овие проценти се следни: 38 % жени се со високо образование, 50 % жени се со вишо образование, 34 % жени се со средно образование и 54 % жени се со низок степен на образование.
Во однос на раководните места: еден државен советник е жена, седум жени се помошник раководител на сектор, седумнаесет жените се раководители на одделенија. Нема жена раководител на сектор.
Во Армијата на Република Македонија процентот на застапеност на жени о категории е: 8.6 % се жени офицери, 11.7 % подофицери, 3 % професионални војници и 20 % цивилни лица.
Жени учеснички во странски мисии се: медицински персонал 12 жени, а вкупно 93 жени досега учествувале во мировни и хуманитарни мисии во странство. Нивниот број е: 14 офицери, 43 подофицери и 36 професионални војници.
Забележително е дека постојат области како што се донесувањето на одлуки и разрешувањето на конфликти каде што жените се помалку застапени. Жените се малку присутни на високи раководни функции, високи чинови во рамки на АРМ како и на командантски места. Во однос на нормативните мерки и заложби поддршката постои, но има потреба за повеќе работа на терен, односно практични чекори кои ќе доведат до средина која во целост ќе даде еднакви услови.
Иако неофицијално честопати ќе се слушне дека постои родова дискриминација, се уште во јавноста не се познати случаи од Армијата кои ги покренал Омбудсманот и каде жените формално и јавно отвориле случај за борба против дискриминација.

Активностите поврзани со Резолуцијата 1325 се претежно образовни и промотивни, јавна промоција и едукација за родова еднаквост. Не постои детална практична подготовка за родово насилство за припадниците на АРМ кои е потребно да се упатат во меѓународни операции, иако постојат активности во најава за курсеви и обука за во иднина.
Пред упатување во меѓународни операции не постои подготовка на персоналот за прашањата на родово насилство, а недостасува и обука за работа со жените на терен во конфликтните подрачја каде што се распоредени, како на пример, работа со, советување и поддршка на жените во Авганистан каде Република Македонија учествува.

Од 2011 година Канцеларијата на ОН – Жени во Македонија им дава поддршка на Владата и на цивилното општество за зголемување на свесноста за Резолуцијата 1325, како и во развојот на Национален акционен план и поддршка на општеството за да се зголеми учеството на жените во меѓуетничкиот дијалог.[6] Со реализацијата на овој проект треба да се даде рамка за идните чекори кои треба да се преземат за имплементација на оваа Резолуција.

Иако во Република Македонија во поглед на легислативната рамка и државното уредување, родовата еднаквост е гарантирана, потребни се дополнителни напори со цел да се утврдат специфичните области на кои треба да се работи. Во поглед на Резолуцијата 1325 потребно е воведување на механизми кои ќе овозможат систематизиран напор и ќе дадат практичен резултат.
Се уште постои недостаток на жени на клучни раководни и командни позиции во националните институции, како и во Армијата на Република Македонија. Иако во нормативни рамки и декларирано поддршката постои, во практика потребно е значително унапредување на состојбата на жените, односно, зголемување на бројот на жени на клучни позиции како и прифаќање од страна на работната средина рамноправно.

[6] Според информација доставена од страна на Канцеларијата на ОН – Жени во Македонија

## Препораки за понатамошна имплементација на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН

Како општ заклучок може да се каже дека постои одреден напредок во имплементацијата на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН. Сепак, постојат недостатоци и вистинска посветеност со цел Резолуцијата 1325 да стане употреблив механизам кој може вистински да функционира во практични рамки.

По истражувањето и ситуацијата на терен во поглед на имплементацијата на овој проект, Евро-Атлантскиот Совет на Македонија ги дава следните препораки за понатамошната имплементација на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН на национално, регионално ниво како и во рамки на ОН и НАТО:

- Итно усвојување на Национален акционен план за имплементација на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН со мерки за различни области на имплементација;

- Зголемена политичка волја како и институционална посветеност за воведување на механизми за поддршка на имплементацијата на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН. Ова вклучува структурирани напори кои ќе ги пренесат преземените обврски во практиката;

- Воведување и развој на функционална обука за родово насилство за силите (униформирани и цивили) пред нивното распоредување во меѓународните мировни и хуманитарни операции. Обуката треба да вклучи познавање, информација, поддршка и образование за обврските, однесувањето како и последиците од родовото насилство;

- Воведување на специјализирана обука за персоналот кој треба да биде распореден во меѓународните операции за работа на терен со жени во областите каде тие се распоредени; Подготовка и распоредување на на родови советници во безбедносните сили во меѓународните операции;

- Зголемување на бројот на жени во безбедносните сили (војска и полиција) и спроведување на еднакви можности за жени и мажи во одбраната и безбедносната средина;

- Зголемување на бројот на жени на раководни и командни позиции, во процесите за носење одлуки, решавањето на конфликти и мировни операции;

- Користење на позитивните примери од меѓународните операции за унапредување на позициите на жените во безбедносните сили и зајакнување на еднаквоста меѓу жените и мажите;

- Пренесување на формалните механизми во функција и користење на заедничките ресурси со земјите членки на НАТО и ОН за развој на квалитетни механизми за успешна имплементација на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН;

- Подигање на свеста во институциите и кај јавноста за улогата на жените во одбраната и безбедноста во периоди на мир и во периоди на војна, конфликт или кризни ситуации;
- Развој на национални механизми за рехабилитација и ресоцијализација на жените и девојките – жртви на војна, конфликт и кризи;

- Вклучување на повеќе жени во пост-конфликтните процеси помирување на политичко и тактичко ниво. На политичко ниво да им се овозможи на жените поголема моќ за да бидат посредници во процесите и на тактичко ниво за поддршка на жените и девојчињата жртви на војна, конфликт или кризи (помош од жена на жена);

- Измена на националната легислатива за зголемување на строгите мерки за родовото насилство;

- Зголемување на користа од употребата на ресурсите на НАТО и ОН за зацврстување на националните капацитети во земјите за имплементација на Резолуцијата 1325 на СБ на ОН; измени во законодавството, позициите во општеството, заштита на жената и девојчињата, рехабилитацијата и закрепнување на жртвите; подигнување на свеста за родово насилство;

- Зголемени капацитети на канцелариите на ОН и НАТО во ранливите земји кои се соочуваат со родово насилство и земји уништени од војна, конфликт или криза што води до зголемена помош на жените во заедниците во различни земји.

Евро-Атлантски Совет на Македонија
Членка на Атлантската Асоцијација

www.atamacedonia.org.mk

